Врз основа на член 183 од Законот за социјалната заштита („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.104/2019 и 146/2019) и член 36 став 6 од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 59/2000, 12/2003, 55/2005, 37/2006, 115/2007, 19/2008, 82/2008, 10/2010, 51/2011, 15/2013, 139/2014, 196/2015 и 140/2018 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.98/2019), Владата на Република Северна Македонија на седницата одржана на 3 декември 2019 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ ОД ДОЛЖНОСТА ЧЛЕН НА УПРАВНИОТ ОДБОР – ПРЕТСТАВНИК НА ОСНОВАЧОТ НА ЈУ МЕЃУОПШТИНСКИ ЦЕНТАР ЗА СОЦИЈАЛНА РАБОТА ГОСТИВАР**

1. Од должноста член на Управниот одбор – претставник на основачот на ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа Гостивар, се разрешува Трајаноски Ненад, на негово барање.
2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

| | |
|---|---|
| Бр. 24 – 9412/2<br>3 декември 2019 година<br>Скопје | Заменик на претседателот<br>на Владата на Република<br>Северна Македонија,<br>д-р **Кочо Анѓушев,** с.р. |

**3945.**

Врз основа на член 190 од Законот за социјалната заштита („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.104/2019 и 146/2019) и член 36 став 6 од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 59/2000, 12/2003, 55/2005, 37/2006, 115/2007, 19/2008, 82/2008, 10/2010, 51/2011, 15/2013, 139/2014, 196/2015 и 140/2018 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.98/2019), Владата на Република Северна Македонија на седницата одржана на 3 декември 2019 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ ОД ДОЛЖНОСТА ЧЛЕН НА ОРГАН ЗА НАДЗОР НА ЈУ ЦЕНТАР ЗА СОЦИЈАЛНА РАБОТА ВИНИЦА**

1. Од должноста член на Орган за надзор на ЈУ Центар за социјална работа Виница, се разрешува Борјанка Стоименова, на нејзино барање.
2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

| | |
|---|---|
| Бр. 24-9534/2<br>3 декември 2019 година<br>Скопје | Заменик на претседателот<br>на Владата на Република<br>Северна Македонија,<br>д-р **Кочо Анѓушев,** с.р. |

**3946.**

Врз основа на член 36 став 6 од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр.59/2000, 12/2003, 55/2005, 37/2006, 115/2007, 19/2008, 82/2008, 10/2010, 51/2011, 15/2013, 139/2014, 196/2015 и 140/2018 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.98/2019) и член 3 од Одлуката за формирање и делокруг на Координативно тело за интелектуална сопственост („Службен весник на Република Македонија“бр. 56/2007, 32/2008, 11/2009 и 222/2018), Владата на Република Северна Македонија на седницата одржана на 3 декември 2019 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е
ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ ОД ДОЛЖНОСТА ЧЛЕН И ИМЕНУВАЊЕ ЧЛЕН НА КООРДИНАТИВНОТО ТЕЛО ЗА ИНТЕЛЕКТУАЛНА СОПСТВЕНОСТ**

1. Од должноста член на Координативното тело за интелектуална сопственост се разрешува Славица Томовска.

2. За член на Координативното тело за интелектуална сопственост, се именува Драгана Цветковска од Министерството за правда.

3. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 24-9616/2
3 декември 2019 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Северна Македонија,
д-р **Кочо Анѓушев,** с.р.

---

**3947.**

Врз основа на член 51 од Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 58/2000, 44/2002, 82/2008, 167/2010 и 51/2011 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.96/2019 и 110/2019), Владата на Република Северна Македонија на седницата одржана на 3 декември 2019 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е
ЗА ИМЕНУВАЊЕ ЗАМЕНИК НА ДИРЕКТОРОТ НА АГЕНЦИЈАТА ЗА ИСЕЛЕНИШТВО НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

1. За заменик на директорот на Агенцијата за иселеништво на Република Северна Македонија, се именува Осман Шукриу, досегашен заменик на директорот на Агенцијата.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 24-9865/1
3 декември 2019 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Северна Македонија,
д-р **Кочо Анѓушев,** с.р.

**3948.**

Врз основа на член 17 од Законот за јавните претпријатија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 38/96, 6/2002, 40/2003, 49/2006, 22/2007, 83/2009, 97/2010, 6/2012, 119/2013, 41/2014, 138/2014, 25/2015, 61/2015, 39/2016, 64/2018 и 35/2019), Владата на Република Северна Македонија на седницата одржана на 3 декември 2019 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е
ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ И ИМЕНУВАЊЕ ЧЛЕН НА УПРАВНИОТ ОДБОР НА ЈП ЗА ИЗВРШУВАЊЕ НА ВОДОСТОПАНСКИ ДЕЈНОСТИ ХС „ЗЛЕТОВИЦА“ – ПРОБИШТИП**

1. Од должноста член на Управниот одбор на Јавното претпријатие за извршување на водостопански дејности ХС „Злетовица“ – Пробиштип, се разрешува Дарко Марковски.

2. За член на Управниот одбор на Јавното претпријатие за извршување на водостопански дејности ХС „Злетовица“ – Пробиштип, се именува Драгица Лазаревска.

3. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 24-9866/1
3 декември 2019 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Северна Македонија,
д-р **Кочо Анѓушев,** с.р.

---

**3949.**

Врз основа на член 102 став 1 алинеја 6 од Законот за здравствената заштита („Службен весник на Република Македонија“ бр.43/2012, 145/2012, 87/2012, 164/2013, 39/2014, 43/2014, 132/2014, 188/2014, 10/2015, 61/2015, 154/2015, 192/2015, 17/2016, 37/2016 и 20/2019 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 101/2019, 153/2019 и 180/2019) и член 36 став 6 од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 59/2000, 12/2003, 55/2005, 37/2006, 115/2007, 19/2008, 82/2008, 10/2010, 51/2011, 15/2013, 139/2014, 196/2015 и 140/2018 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.98/2019), Владата на Република Северна Македонија на седницата одржана на 3 декември 2019 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е
ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ ОД ДОЛЖНОСТА ЧЛЕН НА УПРАВНИОТ ОДБОР - ПРЕТСТАВНИК НА ОСНОВАЧОТ НА ЈЗУ ЗДРАВСТВЕН ДОМ – КРАТОВО**

1. Од должноста член на Управниот одбор-претставник на основачот на ЈЗУ Здравствен дом – Кратово, се разрешува Радица Страхилова.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Северна Македонија.“

Бр. 24-9867/1
3 декември 2019 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Северна Македонија,
д-р **Кочо Анѓушев,** с.р.

**3950.**

Врз основа на член 16 ставови 2 и 3 од Законот за здравствената заштита („Службен весник на Република Македонија“ бр. 43/12, 145/12, 87/13, 164/13, 39/14, 43/14, 132/14, 188/14, 10/15, 61/15, 154/15, 192/15, 17/16, 37/16 и 20/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 101/19, 153/19 и 180/19), Владата на Република Северна Македонија, на седницата одржана на 3 декември 2019 година, донесе

**П Р О Г Р А М А**
**ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА ЛЕКУВАЊЕ НА РЕТКИ БОЛЕСТИ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ЗА 2019 ГОДИНА**

1. Во Програмата за лекување на ретки болести во Република Македонија за 2019 година („Службен весник на Република Македонија“ бр. 4/19), во насловот и текстот на Програмата зборот: „Македонија“ се заменува со зборовите: „Северна Македонија“.

2. Во делот 3 „ФИНАНСИРАЊЕ НА ПРОГРАМАТА“ износот: „380.000.000,00“ се заменува со износот: „407.880.000,00“, износот „180.000.000,00“ се заменува со износот: „228.000.000,00“, а износот: „200.000.000,00“ се заменува со износот: „179.880.000,00“.

3. Оваа програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 45-9543/1
3 декември 2019 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Северна Македонија,
д-р **Кочо Анѓушев,** с.р.

**3951.**

Врз основа на член 16 став 1 алинеја 5 и став 3 од Законот за здравствената заштита („Службен весник на Република Македонија“ бр.43/12, 145/12, 87/13, 164/13, 39/14, 43/14, 132/14, 188/14, 10/15, 61/15, 154/15, 192/15, 17/16, 37/16 и 20/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.101/19, 153/19 и 180/19), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 3 декември 2019 година, донесе

**П Р О Г Р А М А**
**ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА НА ЛИЦА СО БОЛЕСТИ НА ЗАВИСНОСТИ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ЗА 2019 ГОДИНА**

1. Во Програмата за здравствена заштита на лица со болести на зависности во Република Македонија за 2019 година („Службен весник на Република Македонија“ бр. 4/19), во насловот и текстот на Програмата зборовите „Република Македонија“ се заменуваат со зборовите „Република Северна Македонија“.

Во делот „ПОТРЕБНИ ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА“, во ставот 3 табелата „Метадон / бупренорфин“ се менува и гласи:

„

| 1. | Метадон / бупренорфин | Количини |
|---|---|---|
| 1.1. | Набавка на метадон за 1500 лица со болести на зависности | 4 250 000 мл. |
| 1.2. | Набавка на бупренорфин за 280 лица со болести на зависности<br>Таблети од 2 мг. – 211 120 мг.<br>Таблети од 8 мг. – 842 240 мг. | 1 053 360 мг. |
| 2. | Лекување во дневни болници, болничко лекување и лекување во казнено поправни установи | |
| 2.1. | Лекување во дневни болници на зависници од алкохол и дрога над 30 дена | |
| 2.2. | Болничко лекување на зависници од алкохол и дрога над 30 дена | |
| 2.3. | Лекување на зависници-судски случаи | |
| 3. | Изготвување на софтверски програм за лицата со болести на зависност кои се на третман во јавните здравствени установи | |
| 4. | Неизмирени обврски за реализирани програмски активности за 2018 година | |
| | ВКУПНО ПОТРЕБНИ СРЕДСТВА: 95.500.000,00 | |

“

Во делот „ФИНАНСИРАЊЕ НА ПРОГРАМАТА“ износот „69,000.000,00 денари“, се заменува со износот „85.500.000,00 денари“.

2. Оваа програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 45-9544/1
3 декември 2019 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Северна Македонија,
д-р **Кочо Анѓушев,** с.р.

**3952.**

Врз основа на член 16 став (2) и (3) од Законот за здравствената заштита („Службен весник на Република Македонија“ бр.43/12, 145/12, 87/13, 164/13, 39/14, 43/14, 132/14, 188/14, 10/15, 61/15, 154/15, 192/15, 17/16, 37/16 и 20/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.101/19, 153/19 и 180/19), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 10 декември 2019 година, донесе

**П Р О Г Р А М А**
**ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА ОБЕЗБЕДУВАЊЕ СРЕДСТВА ЗА БОЛНИЧКО ЛЕКУВАЊЕ БЕЗ НАПЛАТА НА УЧЕСТВО (ПАРТИЦИПАЦИЈА) ЗА ПЕНЗИОНЕРИ И ЗА ОБЕЗБЕДУВАЊЕ НА СРЕДСТВА ЗА СПЕЦИЈАЛИСТИЧКО-КОНСУЛТАТИВНИ И БОЛНИЧКИ ЗДРАВСТВЕНИ УСЛУГИ ЗА КОРИСНИЦИТЕ НА ПРАВОТО НА СОЦИЈАЛНА ПАРИЧНА ПОМОШ, КАКО И НА ЧЛЕНОВИТЕ НА НИВНИТЕ ДОМАЌИНСТВА ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ЗА 2019 ГОДИНА**

1. Во Програмата за обезбедување средства за болничко лекување без наплата на учество (партиципација) за пензионери и за обезбедување на средства за специјалистичко-консултативни и болнички здравствени услуги за корисниците на правото на социјална па-

рична помош во Република Северна Македонија за 2019 година („Службен весник на Република Македонија“ бр.4/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.200/19), во делот 3. „ФИНАНСИРАЊЕ НА ПРОГРАМАТА“ износот „104.400.000,00“ се заменува со износот „83.520.000,00“, износот „74.400.000,00“ се заменува со износот „59.520.000,00“, а износот „30.000.000,00“ се заменува со износот „24.000.000,00“.

2. Оваа програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија”.

Бр. 45-9547/1
10 декември 2019 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Северна Македонија,
**Зоран Заев,** с.р.

---

**3953.**

Врз основа на член 16 став (2) и став (3) од Законот за здравствената заштита („Службен весник на Република Македонија“ бр.43/12, 145/12, 87/13, 164/13, 39/14, 43/14, 132/14, 184/14, 10/15, 61/15, 154/15, 192/15, 17/16, 37/16 и 20/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.101/19, 153/19 и 180/19) и член 63 точка 7 од Законот за здравственото осигурување („Службен весник на Република Македонија“ бр.25/00, 96/00, 50/01, 11/02, 31/03, 84/05, 37/06, 18/07, 36/07 82/08, 98/08, 06/09, 67/09, 50/10, 156/10, 53/11, 26/12, 16/13, 91/13, 187/13, 43/14, 44/14, 97/14, 112/14, 113/14, 188/14, 20/15, 61/15, 98/15, 129/15, 150/15, 154/15, 192/15, 217/15, 27/16, 37/16, 120/16, 142/16 и 171/17), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 3 декември 2019 година, донесе

## П Р О Г Р А М А
## ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА НА ЛИЦА СО ДУШЕВНИ РАСТРОЈСТВА ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ЗА 2019 ГОДИНА

1. Во Програмата за здравствена заштита на лица со душевни растројства во Република Македонија за 2019 година („Службен весник на Република Македонија“ бр.4/19), во насловот зборовите „Република Македонија“ се заменуваат со зборовите „Република Северна Македонија“.

Во делот „ПОТРЕБНИ ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА“, табелата се менува и гласи:

„

| | | Износ |
|---|---|---|
| 1. | Судски случаи (лица со изречена мерка задолжително чување и лекување) | 5.000.000,00 |
| 2. | Партиципација за пациентите кои се лекуваат во центрите за ментално здравје | 23.000.000,00 |
| 3. | Неизмирени обврски од 2018 година | 39.000.000,00 |
| | ВКУПНО: | 67.000.000,00 |

“

По табелата во ставот 1 износот „47.000.000,00“ се заменува со износот „67.000.000,00“, износот „27.000.000,00“ се заменува со износот „42.000.000,00“, а износот „20.000.000,00“ се заменува со износот „25.000.000,00“.

Низ целиот текст на програмата зборовите „Република Македонија“ се заменуваат со зборовите „Република Северна Македонија“.

2. Оваа програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 45-9549/1
3 декември 2019 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Северна Македонија,
д-р **Кочо Анѓушев,** с.р.

---

**3954.**

Врз основа на член 5 од Законот за основање на Агенција за промоција и поддршка на туризмот („Службен весник на Република Македонија“ бр.103/08, 156/10, 59/12, 187/13, 41/14 и 83/18), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 10 декември 2019 година, донесе

## П Р О Г Р А М А
## ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА ПРОМОЦИЈА И ПОДДРШКА НА ТУРИЗМОТ ЗА 2019 ГОДИНА

Член 1

Во Програмата за промоција и поддршка на туризмот за 2019 година ( „Службен весник на Република Македонија“ бр.16/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.140/19 и 217/19), во членот 2, во точката а), во воведната реченица износот „34.000.000,00“ се заменува со износот „35.200.000,00“.

Во потточката 1, износот „15.000.000,00“ се заменува со износот „16.200.000,00“.

Во точката б), во воведната реченица износот „12.500.000,00“ се заменува со износот „11.300.000,00“.

Член 2

Оваа програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 45-9621/1
10 декември 2019 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Северна Македонија,
**Зоран Заев,** с.р.

---

**3955.**

Врз основа на член 16 ставови 2 и 3 од Законот за здравствената заштита („Службен весник на Република Македонија“ бр.43/12, 145/12, 87/13, 164/13, 39/14, 43/14, 132/14, 188/14, 10/15, 61/15, 154/15, 192/15, 17/16, 37/16 и 20/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.101/19, 153/19 и 180/19) Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 10 декември 2019 година, донесе

## П Р О Г Р А М А
## ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА ПРЕВЕНЦИЈА НА КАРДИОВАСКУЛАРНИ БОЛЕСТИ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ЗА 2019 ГОДИНА

1. Во Програмата за превенција на кардиоваскуларни болести во Република Македонија за 2019 година („Службен весник на Република Македонија“ бр.4/19)

во насловот на Програмата зборовите „Република Македонија“ се заменуваат со зборовите „Република Северна Македонија“.

Во делот „V.ПОТРЕБНИ ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА, Табелата се заменува со нова табела, која гласи:

| | Активност | Извршители | Износ |
|---|---|---|---|
| 1 | Средства наменети за образовни и договорни услуги за тимот кој ја основаше државната кардиохирургија и континуирано работи на растот и развојот на државната кардиохирургија на Универзитетската клиника за државна кардиохирургија – Скопје | Универзитетска клиника за државна кардиохирургија – Скопје | 14.000.000,00 ден. |
| 2 | Средства наменети за образовни и договорни услуги за тимовите кои континуирано ги воведуваат и развиваат неонаталните хируршки и кардиохируршки интервенции и педијатриска интензивната хируршка нега на Универзитетската клиника за детска хирургија – Скопје | Универзитетска клиника за детска хирургија – Скопје | 13.930.000,00 ден. |
| 3 | Лекување на пациенти од цереброваскуларни болести, особено цереброваскуларниот инфаркт, субарахноидално, интрацеребрално и друг вид крвавење, со должина на болнички престој повеќе од 5 години | ЈЗУ Општа болница „Борка Талески“ Прилеп | 1.200.000,00 ден. |
| 4 | Набавка на медицинска опрема | Универзитетска клиника за детска хирургија – Скопје | 1.000.000,00 ден. |
| 5 | Неизмирени обврски за реализирани програмски активности од 2018 година | | 6.570.000,00 ден. |
| | **ВКУПНО:** | | **36.700.000,00 ден.** |

Во делот „VIII. МОНИТОРИНГ И ЕВАЛУАЦИЈА“ став 2 се менува и гласи:

„Оваа програма ќе се реализира во обем и содржина на средствата одобрени од Буџетот на Република Северна Македонија за 2019 година во вкупен износ од 36.700.000,00 денари, од кои 11.700.000,00 денари од основниот буџет и 25.000.000,00 денари од буџетот за самофинансирачки активности на Министерството за здравство. Со програмата ќе се врши и исплата на неизмирени обврски за реализирани програмски активности од 2018 година во висина од 6.570.000,00 ден.“

Низ целиот текст на Програмата зборовите „Република Македонија“ се заменуваат со зборовите „Република Северна Македонија“.

2. Оваа програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 45-9845/1
10 декември 2019 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Северна Македонија,
**Зоран Заев,** с.р.

---

**3956.**

Врз основа на член 16 ставови 2 и 3 од Законот за здравствената заштита („Службен весник на Република Македонија“ бр.43/12, 145/12, 87/13, 164/13, 39/14, 43/14, 132/14, 188/14, 10/15, 61/15, 154/15, 192/15, 17/16, 37/16 и 20/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.101/19, 153/19 и 180/19), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 10 декември 2019 година, донесе

## П Р О Г Р А М А
## ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА ЗАДОЛЖИТЕЛНО ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ НА ДРЖАВЈАНИТЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА КОИ НЕ СЕ ЗАДОЛЖИТЕЛНО ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРАНИ ЗА 2019 ГОДИНА

1. Во Програмата за задолжително здравствено осигурување на државјаните на Република Македонија кои не се задолжително здравствено осигурани за 2019 година („Службен весник на Република Македонија“ бр.4/19), во насловот зборовите „Република Македонија“ се заменуваат со зборовите „Република Северна Македонија“.

Во делот 5.„ФИНАНСИРАЊЕ НА ПРОГРАМАТА“ износот „2.870.200.000,00“ се заменува со износот „3.054.200.000,00“.

Низ целиот текст на програмата зборовите „Република Македонија“ се заменуваат со зборовите „Република Северна Македонија“.

2. Оваа програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 45-9847/1
10 декември 2019 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Северна Македонија,
**Зоран Заев,** с.р.

---

**3957.**

Врз основа на член 30 од Законот за извршување на Буџетот на Република Македонија за 2019 година („Службен весник на Република Македонија“ бр.238/18), член 7 став (3) и (4) од Законот за земјоделство и рурален развој („Службен весник на Република Македонија“ бр.49/10, 53/11, 126/12, 15/13, 69/13, 106/13, 177/14, 25/15, 73/15, 83/15, 154/15, 11/16, 53/16, 120/16, 163/16, 74/17, 83/18, 27/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.152/19 и 244/19), член 12 од Законот за виното („Службен весник на Република Македонија“ бр.50/10, 53/11, 6/12, 23/13, 106/13, 188/13, 149/15, 39/16, 172/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.235/19) и член 66 од Законот за сточарството („Службен весник на Република Македонија” бр.7/08, 116/10, 23/13, 149/15 и 39/16), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 10 декември 2019 година, донесе

## П Р О Г Р А М А
## ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА ФИНАНСИСКА ПОДДРШКА ВО ЗЕМЈОДЕЛСТВОТО ЗА 2019 ГОДИНА

I

Во Програмата за финансиска поддршка во земјоделството за 2019 година („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.158/19, 181/19, 216/19, 221/19 и 237/19) делот I се менува и гласи:

„Средствата за финансиска поддршка во земјоделството за 2019 година во вкупен износ од 7.138.767.000 денари, обезбедени согласно Буџетот на Република Северна Македонија за 2019 година („Службен весник на Република Македонија“ бр.238/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.211/19) раздел 140.04 програма 2 потпрограма 20 ставка 464 разни трансфери ќе се користат според следните мерки:

| Број на мерка | Код на мерка | Мерки за поддршка на доходот на земјоделските стопанства | Вкупен износ на мерктата во денари |
|---|---|---|---|
| 1 | 1 | Директни плаќања за растително производство | 1,940,000,000 |
| 2 | 2 | Директни плаќања за сточарско производство | 1,000 |
| Мерки за дополнителна поддршка за развој на земјоделството (државна помош во земјоделството) | | | |
| 3 | 3 | Помош во премии и осигурување | 70,000,000 |
| 4 | 4 | Помош за заштита на земјоделско земјиште | 1,000 |
| 5 | 5 | Помош за одделни категории носители на земјоделско стопанство | 1,000 |
| 6 | 6 | Помош во сточарскиот сектор | 12,000,000 |
| 7 | 7 | Финансиска поддршка за складирање на пченица од домашно производство од род 2019 година | 1,000 |
| 8 | 8 | Помош за поддршка на трошоците за набавка на гориво за земјоделска механизација | 145,000,000 |
| 9 | 8-а | Дополнителна помош за предадено-неплатено виско грозје во период од 15 август 2014 година до 15 ноември 2016 година | 92,000,000 |
| 10 | 9 | Материјални трошоци за спроведување на Програмата | 15,000,000 |
| 11 | 10 | Заостанати обврски по мерки од Програмите за финансиска поддршка во земјоделството од 2009, 2010, 2011, 2012, 2013, 2014, 2015, 2016, 2017 и 2018 година | 4,864,763,000 |
| | | Вкупно | 7,138,767,000 |

“

II

Во делот II во воведната реченица износот „2.040.000.000“ се заменува со износот „1.940.000.000“.

III

Во делот III во воведната реченица износот „40.001.000“ се заменува со износот „1.000“.

IV

Во делот V износот „1.000.000“ се заменува со износот „1.000“.

V

Во делот VI во ставот 1 износот „10.000.000“ се заменува со износот „1.000“.

VI

Во делот VIII во ставот 1 износот „1.000.000“ се заменува со износот „1.000“.

VII

Во делот IX во ставот 1 износот „200.000.000“ се заменува со износот „145.000.000“.

VIII

Во делот X износот „95.000.000“ се заменува со износот „92.000.000“.

IX

Во делот XII износот „4.694.766.000“ се заменува со износот „4.864.763.000“.

X

Во делот XIII во ставот 3 точката на крајот на реченицата се брише и се додаваат зборовите: „како и физички лица кои не биле корисници на мерка од годишната програмата за финансиска поддршка во земјоделството во периодот од 2014 година до 2016 година која се однесува на одржување на лозови насади или на произведено и предадено винско грозје, а количината на винското грозје откупено од тоа физичко лице а не исплатено од страна на регистриран откупувач не изнесува повеќе од 30.000 килограми вкупно за периодот од 15 август 2014 година до 15 ноември 2016 година.“

XI

Оваа програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 45-9929/1
10 декември 2019 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Северна Македонија,
**Зоран Заев,** с.р.

---

**3958.**

Врз основа на член 30 од Законот за извршување на Буџетот на Република Македонија за 2019 година („Службен весник на Република Македонија“ бр. 238/18) и член 7 ставови (3) и (4) од Законот за земјоделство и рурален развој („Службен весник на Република Македонија“ бр.49/10, 53/11, 126/12, 15/13, 69/13, 106/13, 177/14, 25/15, 73/15, 83/15, 154/15, 11/16, 53/16, 120/16, 163/16, 74/17, 83/18 и 27/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 152/19 и 244/19), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 10 декември 2019 година, донесе

## П Р О Г Р А М А
## ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА ФИНАНСИСКА ПОДДРШКА НА РУРАЛНИОТ РАЗВОЈ ЗА 2019 ГОДИНА

I

Во Програмата за финансиска поддршка на руралниот развој за 2019 година („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 181/19 и 232/19) во делот I, износот „782.383.000“ се заменува со износот „849.523.000“, а износот „480.903.000“ се заменува со износот „548.043.000“.

II

Во делот II став (1) износот „691.153.000“ се заменува со износот „750.843.000“.

Табелата се менува и гласи:

„

| МЕРКИ ЗА ФИНАНСИСКА ПОДДРШКА НА РУРАЛНИОТ РАЗВОЈ | | | |
|---|---|---|---|
| **Код на мерка** | **Дел** | **НАЗИВ НА МЕРКА** | **ИЗНОС (во денари)** |
| **112** | **I** | **Помош за млади земјоделци за започнување со земјоделска дејност** | **69.300.000** |
| **113** | **II** | **Поддршка за поттикнување на земјоделско производство** | **500.000** |
| **115** | **III** | **Поддршка за активен женски член во земјоделското домаќинство** | **500.000** |
| **121** | **IV** | **Инвестиции за модернизација на земјоделски стопанства** | **25.100.000** |
| | | набавка на добиток (121.1) | 9.000.000 |
| | | подигнување на нови насади (121.2) | 15.500.000 |
| | | набавка на пчелни матици и пчелни роеви (121.3) | 200.000 |
| | | набавка на трактори (121.4) | 300.000 |
| | | набавка на систем за наводнување капка по капка, конструкција на бунари и други зафати на површинска вода (121.5) | 100.000 |
| **123** | **VI** | **Инвестиции за преработка и маркетинг на земјоделски производи** | **3.500.000** |
| **124** | **VII** | **Инвестиции во инфраструктура за развој на земјоделството, шумарството и водостопанството и заштита од природните непогоди** | **367.143.000** |
| | | капитални инвестиции во водостопанска инфраструктура (124.1) | 366.943.000 |
| | | останати инвестиции наменети за водостопанска инфраструктура (124.2) | 50.000 |
| | | инвестиции за пасишта во државна сопственост (124.3) | 50.000 |
| | | пристап до земјоделско земјиште (124.4) | 100.000 |
| **131** | **IX** | **Економско здружување на земјоделски стопанства за заедничко вршење на земјоделска дејност** | **2.000.000** |
| **211** | **X** | **Помош за вршење на земјоделска дејност во подрачја со ограничени можности за земјоделска дејност (ПОМ)** | **89.000.000** |
| **213** | **XI** | **Помош за зачувување на руралните предели и нивните традиционални карактеристики** | **14.000.000** |
| **214** | **XII** | **Помош за вршење на земјоделска дејност за заштита и унапредување на животната средина** | **11.050.000** |
| | | воспоставување, следење и анализирање на состојбите со автохтоните раси на добиток и чување и обезбедување на задолжителни генетски резерви на автохтоните раси на добиток (214.2) | 6.000.000 |
| | | зачувување на генетската разновидност на автохтони раси на добиток (говедо Буша, овци каракачанска, овчеполска и шарпланинска, кози балканска коза, куче-овчарско куче шарпланинец и бивол - домашен бивол (214.3) | 5.050.000 |
| **215** | **XIII** | **Органско производство** | **90.750.000** |
| **321** | **XIV** | **Подобрување на квалитетот на животот во руралните средини** | **40.000.000** |
| **322** | **XV** | **Обнова и развој на селата** | **15.000.000** |
| **323** | **XVI** | **Зачувување и унапредување на традиционалните вредности во руралните подрачја** | **19.000.000** |
| **412** | **XVII** | **Воспоставување на локални акциски групи (ЛАГ)** | **1.000.000** |
| **413** | **XVIII** | **Реализација на стратегии за локален развој на рурални средини** | **3.000.000** |
| **ВКУПНО ЗА МЕРКИ ЗА ФИНАНИСКА ПОДДРШКА НА РУРАЛНИОТ РАЗВОЈ** | | | **750.843.000** |

“

Во ставот (2) износот „90.447.617“ се заменува со износот „97.830.477“.

Табелата се менува и гласи:

„

| | | |
|---|---|---|
| 1 | Техничка поддршка во земјоделството и руралниот развој | 95.675.000 |
| 1.1 | Организирање и спроведување на манифестации и саеми за промоција на земјоделски производи во и вон Република Северна Македонија | 60.000.000 |
| 1.2 | Учество на саемски манифестации и саеми на земјоделски производители и преработувачи во и вон Република Северна Македонија | |
| 1.3 | Помош за маркетинг на земјоделски производи и преработени земјоделски производи | 1.000.000 |
| | трошоци за учество на меѓународни и регионални натпревари за вино на кои е освоена специјализирана награда, златен и сребрен медал | 1.000.000 |
| 1.4 | Изработка и публикување на едукативни, информативни, научни, пропагандни и стручни материјали, публикации и списанија | 2.800.000 |
| 1.5 | Спроведување на истражувања, изработка на анализи, Предлог-проекти, студии и стратешки документи од областа на земјоделството и руралниот развој | 3.925.000 |
| 1.7 | Други трошоци и инвестициони вложувања за воспоставување и спроведување на мерките за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој | 27.950.000 |
| 2 | Субвенционирање на каматна стапка | 2.155.477 |
| ВКУПНО ЗА МЕРКИ ЗА ТЕХНИЧКА ПОДДРШКА НА ЗЕМЈОДЕЛСТВОТО И РУРАЛНИОТ РАЗВОЈ | | 97.830.477 |

Во ставот (3) износот „782.383“ се заменува со износот „849.523“.

III

По делот III се додава нов дел III-а кој гласи:

„ III-а

(1) Средствата од дел II став (1) од табелата мерка 113 „Поддршка за поттикнување на земјоделско производство“ од оваа програма се спроведуваат како неповратна финансиска помош согласно член 67- а од Законот за земјоделство и руралниот развој за зголемување на одржливоста на земјоделската дејност на семејните земјоделски стопанства.

(2) Поддршката од ставот (1) од овој дел, се реализира преку одобрен деловен план од страна на Агенцијата кој треба да предвидува инвестициони активности за модернизација на земјоделското стопанство за период од најмногу три години од денот на одобрување на поддршката.

(3) Висината на поддршката од ставот (1) од овој дел, може да изнесува до 1.200.000 денари и се исплаќа согласно со фазите на реализација на инвестицијата на годишно ниво во најмногу три рати.

(4) Поддршката од ставот (1) од овој дел, се доделува на семејни земјоделски стопанства кои не користеле поддршка согласно член 67 од Законот за земјоделство и рурален развој.“.

IV

Во делот VI во ставот (5) износот „25.200.000“ се заменува со износот „25.100.000“.

V

Во делот VIII износот „8.500.000“ се заменува со износот „3.500.000“.

VI

Во делот IX во ставот (9) износот „336.362.164,00“ се заменува со износот „364.022.164“.

VII

Во делот XI во ставот (5) износот „5.000.000“ се заменува со износот „2.000.000“.

VIII

Во делот XII во ставот (2) износот „90.500.000“ се заменува со износот „89.000.000“.

IX

Во делот XIII во ставот (6) износот „15.000.000,00“ се заменува со износот „14.000.000“.

X

Во делот XIV во ставот (3) износот „5.000.000,00“ се заменува со износот „5.050.000“.

XI

Во делот XVIII износот „18.000.000“ се заменува со износот „19.000.000“.

XII

Во делот XXI во ставот (9) износот „3.800.000,00“ се заменува со износот „2.800.000“.

Во ставот (11) износот „4.000.000,00“ се заменува со износот „3.925.000“.

Во ставот (14) износот „15.500.000“ се заменува со износот „10.500.000“.

XIII

Во делот XXII во ставот (2) износот „3.500.000,00“ се заменува со износот „2.147.617“.

XIV

Оваа програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 45-9938/1
10 декември 2019 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Северна Македонија,
**Зоран Заев,** с.р.

**3959.**

Врз основа на член 15 од Законот за рибарство и аквакултура („Службен весник на Република Македонија“ бр. 7/08, 67/10, 47/11, 53/11, 95/12, 164/13, 116/14, 154/15, 193/15, 39/16 и 83/18), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 10 декември 2019 година, донесе

**П Р О Г Р А М А**
**ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА ФИНАНСИСКА ПОДДРШКА ВО РИБАРСТВОТО И АКВАКУЛТУРАТА ЗА 2019 ГОДИНА**

I

Во Програмата за финансиска поддршка во рибарството и аквакултурата за 2019 година („Службен весник на Република Македонија" бр. 15/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 232/19) во делот I во воведната реченица износот „90.000.000,00" се заменува со износот „27.860.000,00", износот „50.000.000,00" се заменува со износот „21.255.070,00" и износот „40.000.000,00" се заменува со износот „6.604.930,00".

Табелата се менува и гласи:

"

| | | |
|---|---|---|
| 1. | Финансиска поддршка во рибарството | 2.060.000,00 |
| | | |
| 2. | Финансиска поддршка во аквакултурата | 200.000,00 |
| | | |
| 3. | Техничка помош | 100.000,00 |
| | | |
| 4. | Пилот проекти | 400.000,00 |
| | | |
| 5. | Развој на нови пазари и промотивни кампањи | 100.000,00 |
| | | |
| 6. | Нереализирани обврски по однос на склучени договори и поднесени барања за исплата на средства од Програмите за финансиска поддршка во рибарството и аквакултурата за 2017 и 2018 година | 25.000.000,00 |
| | Вкупно | 27.860.000,00 |

"

II

Во делот II став (1) во воведната реченица износот "8.383.229,00" се заменува со износот "2.060.000,00".

Табелата се менува и гласи:

| 1. | Финансиска поддршка во рибарството | | |
|---|---|---|---|
| | Мерка | Опис | Средства |
| | | | |
| 1.1. | Финансиска поддршка за порибување на риболовни подрачја | 100% од прифатливи трошоци | 1.500.000,00 |
| | - Дојранско Езеро со подмладок од крап | | 750.000,00 |
| | - Преспанско Езеро со подмладок од крап | | 750.000,00 |
| | | | |
| 1.2. | Финансиска поддршка за порибување на води без концесионер и риболовни зони | 100% од вредноста на набавениот подмладок | 160.000,00 |
| | -води без концесионер со подмладок од пастрмка и крап | | 150.000,00 |
| | - риболовни зони | | 10.000,00 |
| | | | |
| 1.3. | Риболовни пунктови – изградба на нови, реконструкција и адаптација на постоечки риболовни пунктови, надомест за услуга за користење на постоечки пунктови | 100% од вредноста на инвестицијата или од надоместот за услугата | 100.000,00 |
| | | | |
| 1.4. | Финансиска поддршка за рехабилитација на риболовни води со доградба, надградба и опремување на постоечките капацитети/мрестилишта за производство на репродуктивен и порибителен материјал | 100% од прифатливи/одобрени трошоци | 100.000,00 |
| | | | |
| 1.5. | Изградба и реконструкција на мандри за традиционален лов на риба на Дојранското Езеро | 100% од прифатливи/одобрени трошоци | 100.000,00 |
| | | | |
| 1.6. | Дополнителна заштита на рибите во риболовните води | 100% од прифатливи трошоци | 100.000,00 |
| | Вкупно | | 2.060.000,00 |

III

Во делот III став (1) во воведната реченица износот "50.220.845,00" се заменува со износот "200.000,00".

Табелата се менува и гласи:

"

| 2. | Финансиска поддршка во аквакултурата | | |
|---|---|---|---|
| | Мерки | Опис | Средства |
| | | | |
| 2.1. | Финансиска поддршка за инвестиции во аквакултурата | 50% од вредноста на инвестицијата | 100.000,00 |
| 2.2. | Финансиска поддршка за порибителен материјал | 40% од вредноста на набавениот или сопствен подмладок | 100.000,00 |
| | Вкупно | | 200.000,00 |

".

IV

Во делот IV во ставот (1) износот "500.000,00" се заменува со износот "100.000,00".

V

Во делот V во ставот (1) износот "2.000.000,00" се заменува со износот "400.000,00".

VI

Во делот VI во ставот (1) износот "500.000,00" се заменува со износот "100.000,00".

VII

Во делот VII износот "28.395.926,00" се заменува со износот "25.000.000,00".

VIII

Оваа програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија".

Бр. 45-9958/1
10 декември 2019 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Северна Македонија,
**Зоран Заев,** с.р.

# ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА СТАТИСТИКА

**3960.**

Врз основа на член 44, став 1 од Законот за државната статистика („Службен весник на Република Македонија" бр. 54/97, 21/07, 51/11, 104/13, 42/14, 192/15, 27/16, 83/18 и 220/18), Државниот завод за статистика го утврдува и објавува

**ДВИЖЕЊЕТО НА ИНДЕКСОТ НА ЦЕНИТЕ НА МАЛО ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ЗА МЕСЕЦ НОЕМВРИ 2019 ГОДИНА**

Индексот на цените на мало во Република Северна Македонија во периодот јануари-ноември 2019 година, во однос на просечните цените на мало во 2018 година, изнесува 0,0%.

Директор,
**Апостол Симовски**, с.р.

СЛУЖБЕН ВЕСНИК
на Република Северна Македонија

www.slvesnik.com.mk contact@slvesnik.com.mk

**Издавач: ЈП СЛУЖБЕН ВЕСНИК НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА, ц.о. – Скопје**
**бул. „Партизански одреди" бр. 29. Поштенски фах 51.**
**Директор и одговорен уредник – Мартин Костовски**
**телефон: +389-2-55 12 400**
**телефакс: +389-2-55 12 401**

**Претплатата за 2019 година изнесува 10.100 денари.**
**„Службен весник на Република Северна Македонија" излегува по потреба.**
**Рок за рекламации: 15 дена.**
**Жиро-сметка: 300000000188798.**
**Депонент на Комерцијална банка, АД – Скопје.**
**Печат: Печатница ЕВРОПА 92 ДООЕЛ, Кочани.**

ISSN 0354-1622

2019254